Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-142/3
20.02.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 20.02.2023 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Тримесечен извештај со показатели за финансиското работење наЈП Градски паркинг Скопје за**
**период од 01.10.2022 до 31.12.2022 год**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Тримесечен извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.10.2022 до 31.12.2022 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 20.02.2023 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-133/4
16 02 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/1, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 38 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски Паркинг– Скопје, на седницата одржана на ден 25.10.2022 година го разгледа тримесечниот извештајот со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.10.2022 до 31.12.2022 год и го достави следното:

# **МИСЛЕЊЕ**

**за тримесечниот извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.10.2022 до 31.12.2022 год**

Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење дава позитивно мислење за тримесечниот извештајот со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.10.2022 до 31.12.2022 год.

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Скопје, 16.02.2023 година

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА
МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ
Претседател,
Соња Ѓелевска Шетловска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-142/3
20.02.2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.10.2022-31.12.2022 ГОДИНА

# ВОВЕД

За период 01.10.2022-31.12.2022 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи негативен финансиски резултат – загуба на износ 9.923.877,00 денари.

Приходите во четвртиот квартал од годината изнесуваат 58.194.481,00 денари. Расходите се на износ 68.118.358,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ОКТОМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2022 година | 2021 година |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 50.381.355,00 | 45.519.564,00 |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 7.263.930,00 | 2.176.102,00 |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 541.439,00 | 493.142,00 |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 7.757,00 | 789,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **58.194.481,00** | **48.188.808,00** |
| РАСХОДИ – кл.4 | 2022 година | 2021 година |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 8.074.801,00 | 2.464.664,00 |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 15.528.531,00 | 16.179.749,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 38.800.304,00 | 32.898.709,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.343.053,00 | 3.118.016,00 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ | 0,00 | 263,00 |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 2.203.256,00 | 1.630.667,00 |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 151.848,00 | 70.651,00 |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 16.565,00 | 35,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **68.118.358,00** | **56.362.754,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2022 ГОДИНА* | *2021 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **58.194.481,00** | **48.188.808,00** |
| Вкупно расходи | 68.118.358,00 | 56.362.754,00 |
| Загуба | 9.923.877,00 | 8.173.946,00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.10.2022 – 31.12.2022 година изнесуваат 58.194481,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 50.381.355,00 ден.
- Сектор Пајак 7.263.930,00 ден.
- Останати приходи 541.439,00 ден.
- Финансиски приходи 7.757,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се приходи на износ 50.381.355,00 денари :

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 17.899.833,00 | 15.440.762,00 | 2.459.071,00 | 1,16 |
| 2.зонско паркирање | 27.373.628,00 | 25.571.668,00 | 1.801.960,00 | 1,07 |
| **3.катна гаража-Беко** | 3,155.424,00 | 2.985.616,00 | 169.808,00 | 1,06 |
| 4.катна гаража-26-ти Јули | 1.952.470,00 | 1.521.518,00 | 430.952,00 | 1,28 |
| Вкупно приходи: | **50.381.355,00** | 45.519.564,00 | 4.861.791,00 | 1,11 |

Во споредба со истиот квартал од минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 4.861.791,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 2.459.071,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 1.801.960,00 денари. Во рамките на зонските приходи бележиме пораст на приходите од претплати, доплатни карти , продажба на греб картички додека кај смс паркирањето се забележува пад на приходот што сметаме дека е резултат на намалување на цените.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 3.155.424,,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 1.952.470,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 169.808,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 430.952,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. дневен промет** | 7.255.455,00 | 2.169.322,00 | 5.086.133,00 | 3.34 |
| 2.фактурирана услуга | 8.475,00 | 6.780,00 | 1.695,00 | 1,25 |
| Вкупно приходи : | 7.263.930,00 | 2.176.102,00 | 5.087.828,00 | 3.34 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 7.263.930,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 5.087.828,00 денари. Севкупно наплатени се 4.012 возила вклучително возилата подигнати од зонско паркирање . Во истиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 2.176.102,00 денари .Минатата година бројот на наплатени возила во сектор пајак изнесувал 1.367 возила.

Како резултат на добрата соработка со МВР забележителен е порастот на приходот кај овој сектор што пак за последица има зголемен број налози издадени од страна на сообраќајната полиција во врска отстранување на непрописно паркирани возила .

## ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 11.052,00 | 89.146,00 | 78.094,00 | 0,12 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 376,902,00 | 0.00 | 1,00 |
| **од наплатени судски трошоци** | 11.100,00 | 24.243,00 | -13.143,00 | 0,46 |
| од наплата на штети | 65.814,00 | 9.000,00 | 56.814,00 | 7,31 |
| **др.надомест,вонред.приходи,мин.години** | 85.571,00 | 2.851,00 | 82.720,00 | 30,01 |
| Вкупно приходи : | **541.439,00** | **493.142,00** | 48.297,00 | **1,10** |

Во групата останати приходи која изнесува 541.439,00 денари спаѓаат приходи од наплата на тужени побарувања, приходи од субвенции, донации, приходи од наплата на штети, од наплата на судски трошоци,вонредни приходи , приоди од минати години итн.

Во рамките на оваа група приходи во четвртиот квартал ги бележиме следните :

Приходи од отпишани побарувања и обврски 11.052,00 денари; приходи од субвенции во опрема на износ 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 11.100,00 денари приходи од наплата на штети 65.814,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори 7.660,00 како и вонредни непредвидени приходи на износ 77.911,00 денари кои во најголем дел односо 76.247,00 денари произлегуваат произлегуваат од наплата на парични казни и 1.664,00 денари вонредни приоди.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. За периодот бележиме приходи на износ 7.757,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.10.2022-31.12.2022 се на износ 68.118.358,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 306.865,00 | 132.660,00 | 174.205,00 | 2,31 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 647.474,00 | 449.991,00 | 197.483,00 | 1,44 |
| **ел.енергија,парно** | 2.544.602,00 | 1.153.522,00 | 1.391.080,00 | 2,21 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1.044.500,00 | 580.982,00 | 463.518,00 | 1,80 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 3.531.360,00 | 147.509,00 | 3.383.851,00 | 23,94 |
| **вкупно:** | **8.074.801,00** | **2.464.664,00** | **5.610.137,00** | **3.28** |

Материјалните трошоци изнесуваат 8.074.801,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентирани трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 306.865,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 647.474,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 2.544.602,00 ден.; гориво 1.044.500,00 ден. , како и трошпоците за ситен инвентар, ХТЗ опрема и авто гуми 3.531.360,00 ден.

Од прегледот се забележува дека пораст на оваа група трошоци во најголем дел се должи на зголемните трошоци за електрична енергија заради порастот на цената на

електричнатас енергија. Порастот на трошокот за гориво се должи на работењето на сектор пајак односно на зголемениот обем на активности за подигање на непрописно паркирани возила со специјалните пајак возила. Минатата година не е набавувана ХТЗ опрема заради што во 2022 година бележиме пораст на овој трошок.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| Опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 394.846,00 | 426.586,00 | -31.740,00 | 0,93 |
| **Материјални услуги за изработка-инфо табли** | 23.626,00 | 880.752,00 | -857.126,00 | 0,03 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.895.164,00 | 3.659.697,00 | -764.533,00 | 0,79 |
| **Трошоци за наем** | 1.835.440,00 | 1.816.392,00 | 19.048,00 | 1,01 |
| Комунални услуги | 797.636,00 | 859.029,00 | -61.393,00 | 0,93 |
| Останати услуги | 140.259,00 | 334.321,00 | -194.062,00 | 0,42 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 4.210.459,00 | 4.090.923,00 | 119.536,00 | 1,03 |
| Останати услуги - времени вработувања | 5.231.101,00 | 4.112.049,00 | 1.119.052,00 | 1,27 |
| вкупно: | **15.528.531,00** | **16.179.749,00** | **651.218,00** | **0,96** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 15.528.531,00 денари односно, бележиме намалување на трошоците за 651.218,,00 денари во споредба со 2021 година .

Во рамките на оваа група трошоци се забележува пад на речиси сите видови трошоци , кај некои трошоци износот е речиси на исто ниво како и минатата година додека пак зголемување бележиме кај времените вработувања.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 35.249.282,00 | 32.840.361,00 | 2.350.573,00 | 1,07 |
| Регрес за год.одмор-К15 | 3.462.134,00 | 0,00 | 3.462.134,00 | - |
| **отпремнина** | 0,00 | 58.348,00 | -58.348,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 33.333,00 | 0,00 | 33.333,00 | - |
| **помош на вработени** | 55.000,00 | 0,00 | 55.000,00 | - |
| **вкупно:** | **38.800.304,00** | **32.898.709,00** | **5,901.595,00** | **1,18** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата на вработените изнесува 38.800.304,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 5.901.595,00 денари како резултат на пресметка и исплата на регрес за годишен одмор на вработените за 2022 година како и зголемување на платите на вработените со цел усогласување на истите со порастот на трошоците за живот почнувајќи од месец октомври 2022 година. Од прегледот се забележува дека во извештајниот период евидентиран е трошок по основ јубилеји награди за 10 години непрекинат стаж на вработените како и помош за двајца вработени со малигни заболувања. Во извештајниот период не е евидентираан трошок за отпрмнина во споредба со истиот период минатата година кога вакво право остварил еден вработен.

*АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 3.343.053,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 225.037,00 денари кога истиот изнесувал 3.118.016,00 денари.

*ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2022 година | 2021година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Дневници и патни трошоци** | 63.855,00 | 15.903,00 | 47.952,00 | 4,02 |
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 23.953,00 | 48.952,00 | -24.999,00 | 0,49 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 466.671,00 | 457.248,00 | 9.423,00 | 1,02 |
| репрезентација | 74.575,00 | 43.279,00 | 31.296,00 | 1,72 |
| **трошоци за осигурување** | 39.000,00 | 6.972,00 | 32.028,00 | 5,59 |
| банкарски провизии | 185.754,00 | 101.893,00 | 83.861,00 | 1,82 |
| **трош за ДДВ** | 1.173.730,00 | 789.596,00 | 384.134,00 | 1,49 |
| интелек.услуги-преводи, ревизија консулт.услуги,здравствени прегл.на вработени | 9.883,00 | 97.379,00 | 87.496,00 | 0,10 |
| адв.усл,нотар,судски и адм. такси, судски трошоци,членарини | 89.647,00 | 12.425,00 | 77.222,00 | 7,22 |
| огласув. И претпл за дн весници и струч списанија | 76.188,00 | 57.020,00 | 19.168,00 | 1,34 |
| **вкупно:** | 2.203.256,00 | 1.630.667,00 | 572.589,00 | 1,35 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 2.203.256,00 денари и истите се за 572.589,00 денари поголеми од минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци:дневници и патни трошоци како и итрошоци за сместување и котизација во вкупен износ од 63.855,00 денари за учество на двајца вработени на меѓународна конференција за паркирање во Врдник Р.Србија, надоместоци за вработените за обуки на износ 23.953,00 денари, надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 74.575,00 денари, трошоци за осигурување 39.000,00 денари, банкарски провизии 185.754,00 денари, трошок за ДДВ 1.173.730,00 од кој 546.168,00 се однесува на трошок за ДДВ по основ доација на електромобили по договор со основачот Град Скопје од 2020 година, трошоци за превод, 9.883,00 денари, за административни такси , трошоци за правно-адвокатски-нотарски услуги и членарини 89.647,00 како и 76.188,00 трошоци за огласување.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Не се евидентирани во извештајниот период трошоци по овој основ.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 151.848,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ 36.806,00 додека 115.042,00 денари се вонредни расоди од кои 112.640,00 денари се трошок за одбитна франшиза при надомест на штетен настан по основ осигурурвање.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 16565,00 денари од кои 50,00 денари се негативни курсни разлики додека остатокот на износ 16.515,00 денари отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски .

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

Во четвртиот квартал од годината односно во периодот 01.10.2022-31.12.2022 година набавени се 12 клима уреди – инвертери чија набавна вредноста изнесува 415.800,00 денари.

Реа,изирана е набавка на ХТЗ опрема чија абавна вреднсот изнесува 2.580.300,00 денари, автогуми на износ 42.023,00 денари за потребите на специјалните пајак возила , инвентар на износ 62.535,00 денари.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.12.2022 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 19.376.920,00 денари.

Во последното тромесечие евидентирани се побарувања од купувачи на износ 50.041.834,00 денари. Наплатата во истиот период изнесува 50.465.062,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 26.531.326,00 денари додека пак плаќања се извршени по обврски во вкупен износ од 26.988.318,00 денари.

Обврската за комунална такса за период м.10-12.2022 година изнесува 5.395.148,00 денари. Во текот на месец ноември платена е обврска за комунална такса за месец октомври на износ 1.689.862,00 денари. Во текот на месец јануари 2023 година исплатена е обврската за комунална такса за месец ноември на износ 1.828.048,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

Во четвртиот квартал се продолжи со активности во функција на зголемување на оперативните приходи односно приходите од паркирање и приходите од подигање на непрописно паркирани возила.

Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање . Особено зголемен пораст на приходите е остварен од подигање на непрописно паркирани возила од страна на специјалните пајак возила што е резултат на добрата соработка со МВР.

Претпријатието во последниот квартал од годината имаше значителни трошења кои директно влијаеа на финансиски резултат. Имено набавена е нова зимска ХТЗ опремна за потребите на вработените во вкупен износ од 3.044.754,00 денари , во текот на месец декември исплатен е регрес за годишен одмор на вработените за 2023 година на износ 3.819.053,00 денари , понатаму ставен е во функција лифтот во катна гаража 26-ти Јули чиј ремонт чини 621.619,00 денари .

Воедно во последното тримесечје се започна со активности за редовно подмнирување на обврските за комунална такса . За таа цел платена е обврската за комунална такса за месец октомври на износ 1.689.862,00 денари а во јануари 2023 година платена е обврската за комунална такса за месец ноември на износ 1.828.048,00 денари.

Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. И понатаму сериозен проблем со кој се соочува претпријатието во своето работење е обврската за комунална такса која зафаќа 10% од цената на услугите за паркирање. Тоа е висок процент кој серизно ги оптеретува приходите на претпријатието. Очекуваме поддршка од Градоначалникот и основачот - Градот Скопје за надминување на гореспоменатите потешкотии.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Крсте Петревски